# О Б Ј А В А

**Одбележувајќи ги двата големи празници на Република Македонија,**
**11.Октомври - денот на востанието на македонскиот народ и**
**13.Ноември денот на ослободувањето на нашиот главен град Скопје,**

Со големо задоволство, **ШКВ Скопје72** го објавува Ветеранскиот шаховски фестивал **„Незаборав за херите 1941-1944“**. Фестивалот го одбележуваме со три реперни турнири, а победниците се стекнуваат со титула **Шаховски првак на Скопје** за ветеранска категорија **„С60“** и тоа:

- Ветерански првак во блиц шах (5‘ + 3“)
- Ветерански првак во рапид шах (15‘ + 10“)
- Ветерански првак во стандард шах (60‘ + 15‘ + 30“)

Сите турнири се званични првенства на Скопје за ветерани и се рејтингуваат (регистрираат) во Меѓународната шаховска федерација ФИДЕ.

## ВЕТЕРАНСКИ РАПИД ТУРНИР

Организациониот одбор ја утврдува листата на учесници. Поради ограничени просторни можности, вкупниот број на учесници ќе биде лимитиран, и тоа: 24 од редовните активни членови на ШКВ Скопје72, и уште 12 истакнати ветерани - С60 (кои не се членови на ШКВ Скопје72) а ќе покажат интерес за учество. Така вкупниот број на учесници ќе биде до 36.

Турнирот ќе се одигра на 11 и 12 октомври 2025 г. во девет кола, швајцарски систем, со право на учество на шаховски ветерани С60, регистрирани во македонската рејтинг листа на ФИДЕ.

- Организациониот одбор го сочинуваат: Александар Сидоровски, Илија Стошевски и Љубомир Хаџи-Манев
- Директор на турнирот: Александар Сидоровски.
- Турнирот ќе се игра по правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Играчите ќе имаат по 15 минути за партија со додавање 10 секунди по потез почнувајќи од првиот.
- Турнирот ќе се рејтингува во ФИДЕ
- Главен судија на турнирот: Вахид Исмаили, фиде судија

Распоредот на колата:

- Потврда на пријавата (лично) на 11. Октомври (сабота) заклучно до 10.30 ч.,
- Првото коло ќе започне веднаш после свеченото отворање и ќе се играат 5 кола.
- На 12.10.2025 се играат останатите четири кола со почеток во 11 часот
- Прогласување на победници и доделување на наградите ќе биде веднаш по завршеток на последното коло.

Придонес на учесниците кон техничката организација и наградниот фонд изнесува минимално 400 денари, според можностите на учесниците.
Наградниот фонд изнесува 15.000 денари, распореден во пет награди:
I. 5.000 ден., II. 4.000 ден., III. 3.000 ден., IV 2.000 ден., V 1.000 ДЕН.
При делба на место, редоследот на наградените се одредува според: 1. Бухолц -1, 2. Бухолц, 3. Прогрес, 4. Меѓусебна средба
Победникот се стекнува со титула **Ветерански првак на Скопје за 2025 година во категорија – рапид** и ќе добие пригоден пехар, а првите тројца добиваат Признанија.

Ги покануваме шаховските ветерани од град Скопје да се пријават за турнирот. Контакт телефон 074 / 205 236 – Илија Стошевски или на е-меил: veterani.skopje72@gmail.com
Турнирите ќе се играат во **просториите на ШК Алкалоид** – на улица „Јордан Мијалков“ бр.40 (Железничка) во Скопје, за што изразуваме голема благодарност до раководството на клубот.

Скопје, 21.09.2025

ШКВ Скопје72
Претседател, Инж. Илија Стошевски, ср